Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
SHKOLLA FILLORE KOMUNALE
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ЗЕЛЕНИКОВО "MARKO CEPENKOV" Q.F.
Бр. 05-257/2
23.09.2025 год. - viti
Станица Зелениково - Stacioni Zelenikovë

Врз основа на член 20 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности бр.12-10853/1 од 04.08.2025година, од Министерството за образование и наука на РСМ, ООУ,,Марко Цепенков "Зелениково објавува:

О Г Л А С 01/2025

За прибирање на понуди

1.За изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности во ООУ,,Марко Цепенков"Зелениково, во учебната 2025/2026 година, согласно Програмата за екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности и тоа:

-еднодневна екскурзија за учениците во III одделение-претпоставен број на ученици 22
-настава во природа за учениците во V одделение-претпоставен број на ученици 40
-дводневна екскурзија за учениците во VI одделение- претпоставен број на ученици 33
- тродневна екскурзија за учениците во IX одделение- претпоставен број на ученици 26
-еднодневен есенски излет за учениците од I до IX одделение- претпоставен број на ученици 283
- еднодневен пролетен излет за учениците од I до IX одделение- претпоставен број на ученици 283

Критериум за доделување на договор е најниска цена. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена ќе биде избрана најповолната за родителите.

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот со докази за истите се

-да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
-да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на ексурзијата, излетите и другите вонучилишни активности,
-да има успешно реализизирано соодветна аранжманска програма во Република Северена Македонија,
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Се покануваат сите заинтересирани понудувачи да достават понуди според документација што ја содржи програмата за изведување на екскурзиите ,излетите и другите вонучилишни активности на училиштето, која треба да се подигне во форма на тендерска документација со подетални услови во работен ден во периодот од 08:00 до 13:00 часот во училиштето.

Понудите потребно е да ги исполнуваат условите пропишани во документација. Понудите се доставуваат во затворен плик директно во писмена форма на архивата на училиштето од 08 до 12 часот,со назнака НЕ ОТВАРАЈ во горниот лев агол на следната адреса ООУ,,Марко Цепенков "Зелениково ,со назнака за оглас 01/2025 за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

Понудата се доставува во оригинален примерок кој треба да биде потпишан и заверен од одговорно лице на понудувачот и треба да биде во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025година.

Понудата е делива.

По потпишување на договорот со директорот на училиштето,во рок од 5 дена најповолниот понудувач ќе траба да достави банкарска гаранција од 05% од вкупната вредност на истиот. Заинтересираните субјекти можат да ја подигнат потребната документација од училиштето од 08 до 12 часот почнувајќи од **24.09.2025 година**. Рокот за доставување на понудите е 6 работни дена од денот на објавувањето, односно до 12,00 часот на **01.10.2025 година.**

Јавното отварање на понудите ќе биде во 12,00 часот на **01.10.2025г.** Понуда која ќе пристигне подоцна ќе биде одбиена како неприфатлива.

Телефон 022717410

ООУ,,Марко Цепенков"Зелениково